Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ** `` ул. Козле бр.88 лок 4 – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
**Лиценца А Рег.Број:13-5859/2**
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

**. Автобус / 4 дена / 2 ноќевања**

**07.12 СКОПЈЕ – БУДИМПЕШТА**

**Состанок на групата пред хотелот "Holiday Inn" во 17.00 часот. Поаѓање за Будимпешта во 17.30 часот. Се патува преку Србија со кратки попатни паузи за одмор и царински формалности. Ноќно возење.**

**08.12 БУДИМПЕШТА**

**Пристигнување во Будимпешта во утринските часови. Панорамско разгледување на градот: Споменикот на Милениумот, Операта, улиците Ваци, Андраши, Ракочи, Парламентот, Црквата „Св. Стефан“, мостовите на Дунав, Будим, Цитаделата, Кралската палата, црквата „Св. Матејас“, Рибарската тврдина... Сместување во хотел. Вечерта, факултативно крстарење со брод по Дунав, под прекрасните мостови. Ноќевање.**

**09.12 БУДИМПЕШТА - СЕНТ АНДРЕА**

**Појадок. Можност за факултативна посета на живописното гратче Сент Андреа, во близината на Будимпешта, во кое се негуваат старата архитектура и народните ракотворби, и кое е богато со голем број винотеки, рибни ресторани, музеи, галерии и цркви. Враќање во Будимпешта. Слободно време за индивидуални активности. Вечерта, факултативно вечера во национален ресторан – традиционална унгарска Чарда, со фолклорна и музичка програма и специјалитети од унгарската кујна. Ноќевање.**

**10.12 БУДИМПЕШТА - СКОПЈЕ**

**Појадок. Индивидуално слободно време за прошетка низ центарот на градот или по познатата улица Ваци или посета на зоолошка градина. Тргнување за Скопје во пладневните часови. Се патува преку Србија, со куси попатни паузи. Ноќно возење. Пристигнување во Скопје во доцните вечерни часови.**

# ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ ЗА УПЛАТИ ДО 30.10: 149е (9240 мкд)

# ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 169е (10.480 мкд)

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- **Превоз со туристички автобус на наведената релација**
- **Сместување во Хотел Budapest 3* во Будимпешта на база 2 ноќевања со појадок**
- **Организација на аранжманот и придружник на патувањето**

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

**Задолжителен разглед на Будимпешта со локален водич 10 евра**

**Вечера во ресторан Чарда 35 евра**

**Крстарење со брод по Дунав 20 евра**

**Посета на Сент Андреа 20 евра**

**Влезници за музеите и културно - историските споменици**

**Патничко - здравствено осигурување**

**Доплата за 1/1 соба 2900 денари**

**Доплата за избор на седиште во автобус - 10 евра**
**Туристичка такса 4 евра по лице за целиот престој (се плаќа во автобус)**

**ПАКЕТ ФАКУЛТАТИВИ (Разглед Будимпешта, Крстарење по Дунав и Посета на Сент Андреа)- 45 евра**

**НАПОМЕНИ:**

**За реализација на аранжманот е потребен минимум од 40 патници**

**За овој аранжман важат Општите услови за патување на Т.А.Терра Травел Скаји СКТМ**

**Уплатата се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1 евро = 62,00 денари**

**За резервација на аранжманот потребна е аконтација од мин.30%, целосна уплата се врши најдоцна 7 дена пред поаѓање. Агенцијата го задржува правото за отказ на аранжманот најкасно 5(пет) дена пред поаѓање!**